БИЛТЕН • Бр. 1 • Ноември 2014

Програма „Форуми во заедницата"
Community Forums Programme
Programi "Forume në bashkësi"

# ПРОГРАМА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА"



**ИЗБРАНИ 10 ОПШТИНИ КАДЕ ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА БУЏЕТСКИ ФОРУМ**

ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА НОВАЦИ
**„БУЏЕТ КРЕИРАН ПО МЕРКА НА ГРАЃАНИТЕ"**

**ФОРУМОТ ПО СЕСИИ**

**ГРАЃАНИТЕ ЗА ФОРУМИТЕ**







# ИЗБРАНИ 10 ОПШТИНИ
# ШТО ЌЕ СПРОВЕДУВААТ БУЏЕТСКИ ФОРУМИ

**Вкупно 10 општини ќе спроведуваат буџетски форуми во периодот 2014/2015 година во рамките на програмата „Форуми во заедницата", коишто се одржуваат согласно термините за креирање на буџетите на секоја општина одделно.**

Гостивар, Кичево, Струмица, Радовиш, Крива Паланка, Маврово-Ростуше, Новаци, Студеничани, Илинден и Кавадарци се општините што се избрани за новата фаза на Програмата, во чии рамки ќе ги „кројат" општинските буџети за 2015 година.

Околу 30 општини изразија интерес за учество по објавениот повик до општините во септември годинава, со можност оние локални самоуправи што не беа утврдени како приоритетни за учество во овој круг, да се вклучат во наредните циклуси на Програмата.

Буџетските форуми ќе се спроведуваат во шест форумски сесии во чии рамки граѓаните ќе дискутираат за приоритетите за развој на општината, приходите и расходите на буџетот, ќе се избираат најприоритетни буџетски програми, а на последната сесија, што ќе се одржи кон средината на наредната година, градоначалникот ќе даде отчет за прифатените приоритети во текот на буџетскиот форум.

Овие форуми се спроведуваат со однапред дефинирана тема – буџет и се организирани во работни маси согласно страните кои се најзасегнати од буџетот и кои се дефинираат според главните општински надлежности, на пр. образование, култура, урбанизам, ЛЕР итн.

Право на учество имаа општините во Република Македонија кои претходно учествувале во Програмата со спроведување на кој било вид на форум/и (проектен, тематски, меѓуопштински или буџетски форум).



# ОБУКА ЗА НОВОИЗБРАНИТЕ ОПШТИНИ
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ БУЏЕТСКИ ФОРУМ

Обука за модератори, комодератори и членови на оперативните групи, како и општинските координатори за форумите во 10-те општини, што беа избрани да спроведуваат буџетски форуми за периодот 2014/2015 година во рамките на програмата „Форуми во заедницата", се одржа на 30 и 31 октомври и 1 ноември, во скопскиот хотел „Континентал".

Околу 90 учесници од општините Илинден, Студеничани, Гостивар, Маврово-Ростуше, Кавадарци, Крива Паланка, Радовиш, Кавадарци, Струмица и Кичево се запознаваа со буџетскиот форумски процес, односно што се буџетски форуми, надлежностите на општината и партиципативниот начин на буџетирање, како и структура и извршување на буџетите.

Беа презентирани улогата и задачите на модераторите, комодераторите, општинските координатори и на членовите на оперативните групи, улогата на ЗЕЛС во форумскиот процес, како и практични вежби за структуирање и модерирање на буџетскиот форумски процес.

Општина Новаци спроведува буџетски форум

# БУЏЕТ КРЕИРАН ПО МЕРКА НА ГРАЃАНИТЕ



**„Благодарение на буџетскиот форум, во 2015 година ќе имаме буџет којшто ги содржи потребите на жителите на нашата општина и ќе биде испланиран според приоритетноста и важноста на предложените проекти, рангирани од граѓаните", вели градоначалникот на општина Новаци, г. Лазар Котевски**

Општина Новаци, за прв пат годинава, спроведува буџетски форум на кој жителите учествуваат во креирањето на буџетот на општината за 2015 година согласно нивните приоритети и потреби. Градоначалникот на општина Новаци, г. Лазар Котевски, за овој број на Билтенот говори за искуството на општината во спроведување на буџетски форумски процес.

## 1. Општина Новаци за прв пат го спроведува буџетскиот форумски процес. Кои се Вашите првични искуства од одржувањето на форумот?

Општина Новаци за прв пат го реализира буџетскиот форум, но втор пат е вклучена во програмата „Форуми во заедницата", односно првиот пат го реализиравме меѓуопштинскиот форум. Искуствата се одлични како со првиот, така и со вториот пат, особено затоа што сега се работи за планирање на буџетот и проектите кои ќе ги реализира општината во наредната година, а притоа се слушаат потребите и желбите на жителите на општина Новаци. Има огромен интерес од страна на месното население да присуствува на сесиите, даваат многу конструктивни и интересни предлози, а ние во зависност од средствата со кои располагаме, ќе се трудиме истите да ги испланираме и да ги реализираме, се разбира, следната година.

## 2. Дали Ви помогна буџетскиот форум во утврдување на стратешките и развојните приоритети на општината?

Во секој случај ни помогна многу затоа што голем дел од жителите на општина Новаци ги собравме на едно место, ги сослушавме нивните предлози и барања. Мора да кажам дека некои од нив се навистина од витално значење за секојдневниот живот, па затоа ќе се трудиме да ги испланираме во буџетот за следната година, односно да ги ставиме на листата на стратешки и развојни приоритети. Добра работа е што ги запознавме со целиот процес на планирање на буџетот, им ги презентиравме приходите и расходите, програмите по кои е расчленет самиот буџет и како се планираат проектите, во кои програми и колку средства има на располагање во соодветната програма. Верувам дека по завршувањето на овие 5 форумски сесии, на граѓаните ќе им биде јасно што всушност значи буџетот на општината и дека истиот ќе биде испланиран по мерка на граѓаните.

## 3. Дали и колку е подготвена локалната власт транспарентно и отчетно да одговори на барањата на граѓаните?

Транспарентноста и отчетноста во работата е навистина важна, особено во денешно време. Општина Новаци и јас како нејзин прв човек тоа постојано го практикуваме затоа што луѓето кои не гласале и ни ја дале својата доверба мора целосно да ја познаваат нашата работа, а особено важно е да бидат вклучени во планирањето на програмата за работа за следната година, зависно од нивните потреби. Форумите во заедницата се вистинска работа за тоа и број еден алатка за отчетност и транспарентност. Благодарение на буџетскиот форум кој општина Новаци го реализира сега, во 2015 година ќе имаме буџет кој ги содржи потребите на жителите на нашата општина и ќе биде испланиран според приоритетноста и важноста на предложените проекти, рангирани од граѓаните.

# ФОРУМОТ ПО СЕСИИ




**Вкупно 10 општини одржаа по неколку форумски сесии во текот на месец ноември – Маврово-Ростуше четири форумски сесии, Гостивар, Новаци, Крива Паланка, Радовиш, Илинден, Кичево и Струмица одржаа по три форумски сесии, а општините Студеничани и Кавадарци одржаа по две форумски сесии. Буџетскиот форум се состои од шест форумски сесии, од кои пет сесии во сите 10 општини ќе се одржат до крајот на 2014 година, а последователната сесија, до година во октомври.**

### Буџетски форум во Маврово-Ростуше



На Форумот во Маврово-Ростуше, во месец ноември, се одржаа четири форумски сесии во различни населени места во оваа општина, каде се дискутираше за буџетот на општината, стратешките приоритети за 2015 година, како да се зголемат општинските приходи, како и расходите за 14 буџетски програми.
Првата сесија се одржа на 6 ноември, во присуство на 100-тина жители на општината. Форумот формира 7 работни маси од различни области согласно буџетските програми, како и работна група којашто меѓу сесии ги разгледуваше предлозите и препораките на граѓаните.
Втората форумска сесија се одржа на 13 ноември каде учествуваа околу 70 жители коишто дискутираа за предлозите како да се зголеми општинскиот буџет. Третата и четвртата сесија се одржаа на 20, односно 27 ноември, каде жителите, чие присуство беше просечно околу 70 учесници, даваа свои предлози за тоа каде да се трошат буџетските средства.
Околу 40 предлози беа доставени до општинската администрација и градоначалникот, во врска со тоа како да се подобри трошењето на буџетските средства согласно потребите на жителите на општината.

### На Форумот во Гостивар се дискутираше за три буџетски програми

Буџетскиот форумски процес во Гостивар започна на 10 ноември, во присуство на 100-тина жители од сите населени места на општи-

ната, каде општинската администрација ги претстави стратешките приоритети за наредната 2015 година. Форумот, на оваа сесија, формира осум работни маси од различни области согласно буџетските програми.
Втората сесија, што се одржа на 18 ноември со учество на 70-тина жители, даде преглед на различните основи на приходи во општинскиот буџет, како што се: данокот на имот, данокот на наследство и подарок, данокот на промет, комуналната такса. Исто така, беа презентирани остварените приходи во општинскиот буџет по различни основи за 2014 година.



Вкупно три буџетски програми беа разгледувани на третата форумска сесија што се одржа на 27 ноември, во присуство на околу 70 жители на општината. Учесниците даваа предлози за трошење на средствата во следниве буџетски програми: Инфраструктура и животна средина; Образование; и Рурален развој и земјоделство. Жителите на општината дадоа околу 15 предлози за трошење на буџетските средства за наредната година.

## Новаци разгледуваше четири буџетски програми



Општина Новаци, во текот на месец ноември, одржа три форумски сесии – на 10, на 17 и на 24 ноември, во присуство на просечно 80-ина жители на општината. Форумот го презентира буџетскиот процес, структурата на буџетот на општина Новаци, како и реализацијата на стратешкиот развоен план и приоритетите во 2014 година и приоритетите за развој на општината за 2015 година. Учесниците на форумот дискутираа за приходите и можноста за зголемување на општинскиот буџет во рамките на буџетскиот форумски процес. Форумот ги презентира предлозите на жителите на оваа општина за зголемување на приходите за 2015 година и за тоа како било направено претходната, 2014 година.
Последната сесија во месец ноември опфати разгледување на вкупно четири буџетски програми: Месна самоуправа; Урбанистичко планирање; Локален економски развој; и Комунални дејности - во чии рамки учесниците дадоа околу 20 предлози за тоа како да се трошат буџетските средства согласно потребите на граѓаните, за секоја буџетска програма одделно. Предлозите на граѓаните најмногу се однесуваа на инфраструктурни проекти и капитални инвестиции - систем за наводнување, реконструкција на цевководот на акумулацијата од РЕК, локални патишта и слично.

## Жителите на Крива Паланка го „кројат“ општинскиот буџет



Буџетскиот форумски процес во Крива Паланка ќе разгледува шест буџетски програми во чии рамки ќе се вметнат и предлозите на граѓаните за тоа како да се трошат средствата во следниве програми - за урбанистичко планирање, за уредување на градежното земјиште, за изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа, за култура и за социјална заштита.
Форумот, во месец ноември, одржа три форумски сесии, на 11, на 19 и на 25 ноември, во присуство на просечно 90-ина жители на општината кои дискутираа за процесот на буџетирање, структурата на буџетот на општина Крива Паланка, реализацијата на стратешкиот развоен план и приоритетите за развој на општината за 2015 година. Од страна на граѓаните, распоредени на 9 работни маси согласно буџетските програми, беа дадени вкупно 27 предлози за приоритети за развојот на општината за наредната година, со цел да бидат вклучени во програмите на општинскиот буџет.
Во текот на третата форумска сесија, граѓаните даваа свои предлози за приоритетни проекти за реализација на програмите за „Уредување на градежното земјиште“, за „Култура“ и за „Изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа“.

## Кавадарци започна да спроведува буџетски форум



Општина Кавадарци, на 12 ноември, ја одржа првата форумска сесија од буџетскиот процес во присуство на 132 учесници, каде жителите се информираа за процесот на подготовка на општинскиот буџет, буџетскиот календар, како и структурата на буџетот за тековната 2014 година.
Форумот го претстави стратешкиот план за развој на општината со посебен осврт на развојните приоритети за наредната 2015 година и ја формира структурата за работа со формирање 9 работни маси на кои граѓаните се распределија во зависност од своите интереси.
Планирани и реализирани приходи за оваа година и проекција на приходите за 2015 година, беа презентирани, меѓу другото, на втората форумска сесија, што се одржа на 19 ноември, во присуство на 79 жители на општината.

Форумот најпрвин ги презентира предлозите на работната група од првата форумска сесија, коишто беа разгледани со градоначалникот и членовите на работната група.
Потоа, претставник од финансискиот оддел на општината направи преглед на планираните и реализираните приходи на општината до 30 септември 2014 година и проекција на приходите за 2015 година. Учесниците на форумот дискутираа и за планираните расходи по буџетски програми, по што следуваше избор на буџетски програми за кои ќе се расправа на наредните две форумски сесии.

### На Форумот во Радовиш се дискутираше за четири буџетски програми



Буџетскиот форум во Радовиш започна на 12 ноември, а втората и третата сесија се одржаа на 19 и на 26 ноември, во присуство на просечно 60-ина жители, присутни на трите сесии. Форумот формира 9 работни маси согласно буџетските програми на општината за 2015 година, каде граѓаните учествуваат во структуирањето на буџетот за наредната година.
Учесниците се информираа за процесот и структура на изготвување на буџетот на општината, а Форумот ги презентира и стратешкиот развоен план на општината за 2014 година и приоритетите за развој во наредните три години.
На третата форумска сесија се разгледуваа четири буџетски програми – за локален економски развој, за спорт, за социјална заштита и за култура. Учесниците на форумот даваа свои предлози за тоа како да се подобри трошењето на буџетските средства согласно потребите на граѓаните, чија бројка изнесуваше околу 30 за овие буџетски програми.

### Буџетски форум во Студеничани



Буџетски форум, во чии рамки ќе се креира буџетот на општина Студеничани за 2015 година, започна да спроведува оваа општина со одржување на првата форумска сесија на 12 ноември, во присуство на околу 65 жители на локалната заедница и втората форумска сесија што се одржа на 21 ноември, во присуство на 60 учесници.
Граѓаните, на првата сесија, имаа можност да се запознаат со процесот на буџетирање, структурата на буџетот на општината, спроведувањето на стратешкиот развоен план, како и приоритетите за развој на општината во 2015 година. Форумот формира 7 работни маси согласно буџетските програми и потпрограми, а граѓаните даваа предлози за приоритетите на општината за 2015 година.
На втората сесија се разгледуваа планираните и реализираните приходи во текот на првите три квартали за 2014 година, а учесниците на работните маси даваа конкретни предлози за зголемување на приходите. Тие се однесуваа на поголема наплата на комунални такси, забрзување на процесот на легализација, зголемување на ДДВ и персонален данок, целосна фискализација на угостителските објекти и друго.
Овој форум ќе разгледува две буџетски програми – „Програмата за комунални дејности“ и „Програмата за изградба, санација и одржување на локалните патишта“.

### Форумот во Илинден разгледа предлози за три буџетски програми



Околу 200 жители на општина Илинден присуствуваа на првата сесија од буџетскиот форумски процес во оваа општина, што се одржа на 13 ноември, а и наредните две сесии, на 20 и на 27 ноември, исто така ги посетија просечно околу 120 жители на општината.
Буџетскиот форум во Илинден ќе разгледува вкупно 7 буџетски програми, од кои за три се дискутираше во месец ноември – „Програмата за заштита на животната средина“, „Спорт и култура“ и „Јавна чистота и јавно осветлување“. Жителите, за овие програми, дадоа околу 20 предлози кои се вметнаа во буџетот за наредната година, што треба да биде усвоен на седница на Советот на општината кон крајот на годината. Вкупно 9 работни маси се формираа на овој форум, чии претставници дискутираа и дадоа вкупно 27 предлози за приоритетите за развој на општината, како и за зголемување на приходите во општинскиот буџет. Предлозите за зголемување на општинските приходи, главно, се однесуваа на самопридонес за одводна фекална канализација, наплата за паркинг на тешките товарни возила, зголемување на цената на надоместок за уредување на градежното земјиште, издавање на спортските сали и игралиштата под наем и друго.

### Жителите на Кичево дискутираа за буџетот на општината

Буџетскиот форумски процес во Кичево започна да се спроведува на 13 ноември, кога се одржа првата форумска сесија во присуство на 90-ина жители на општината.

На Форумот, во месец ноември, се одржаа уште две форумски сесии – на 19 и на 27 ноември, со просечно присуство од 70-ина учесници на форумот.



На првата форумска сесија беа формирани девет работни маси од следните области, согласно општинските буџетски програми: „Општинска администрација“, „Социјална и здравствена заштита“, „Култура“, „Спорт“, „Локален економски развој“, „Урбанистичко планирање и градежно земјиште“, „Водоснабдување и канализација“, „Паркови, паркинзи и патишта“, „Образование“. Форумот, на крајот од сесијата, формира и работна група од 7 членови коишто ги разгледуваа предлозите на граѓаните меѓу две форумски сесии.
Приходите на општината во рамките на буџетските програми беа презентирани на втората форумска сесија, каде учесниците на форумот дискутираа за приходите на општината, односно даваа предлози за тоа како да се полни буџетската каса, како и нивна реализација. Форумот ги презентира и буџетските програми согласно кои граѓаните ќе дискутираат и ќе даваат предлози за расходите.

## Струмица спроведува буџетски форум



Околу 180 жители на општина Струмица присуствуваа на првата форумска сесија што се одржа на 13 ноември, со учество во креирањето на буџетот на општината за 2015 година. На форумскиот процес во оваа општина се одржаа уште две форумски сесии – на 20 ноември и на 29 ноември, со просечно присуство од 140 учесници. Форумот формира 11 работни маси согласно надлежностите на општината, во чии рамки граѓаните дискутираа за проектите во буџетските програми, а даваа и свои предлози и идеи како за приходите, така и за расходите на општината.
Проекција на планираните приходи за 2015 година и проектираните расходи, беа тема на втората форумска сесија во Струмица, што се одржа на 20 ноември, со присуство на околу 140 жители на општината. Учесниците на форумот, всушност, беа првите жители на општината кои ја проследија работната верзија на предлогбуџетот на општината за 2015 година, а даваа и свои предлози за проекти коишто дополнително би ја полнеле општинската каса.
Форумот ги разгледуваше и реализираните приходи во општинскиот буџет, заклучно со третиот квартал од тековната година.

## Последователна сесија во Делчево



Сесијата на којашто се презентираа резултатите од проектниот форумски процес во општина Делчево се одржа на 26 ноември, во присуство на 60-ина жители на општината. Форумот ги презентира реализираните активности во рамките на проектот „Изградба и уредување јавни површини“, во којшто беа вложени околу шест милиони денари, од кои 2.400.000 денари беа обезбедени како донација од Швајцарската агенција за развој и соработка СДЦ (SDC), а останатите средства се учество на општина Делчево.
Резултат на проектот е парковски уреден дел помеѓу ул. „Кеј на ослободувањето“, реката Брегалница, спортската сала и реката Габровчица со изградени пешачки патеки и партерно хортикултурно уредување, поставени клупи за седење, фонтана, корпи за отпадоци и јавно осветлување. На крајот од оваа сесија, од страна на претставникот на Работната група за следење на спроведувањето на избраниот проект и препораките, беше презентирана информацијата за преземените активности и состојбата на препораките кои граѓаните му ги предадоа на градоначалникот на петтата форумска сесија.

## Шуто Оризари го презентира сработеното



Проектот „Реновирање и санација на споредни улици“ беше презентиран на последователната сесија од проектниот форум во Шуто Оризари, што се одржа на 28 ноември, во присуство на 83 жители на општината.
Буџетот за изведба на овој проект изнесува 5.603.026 денари, од кои 2.400.000 денари беа обезбедени како донација од Швајцарската агенција за развој и соработка СДЦ (SDC), а 3.203.026 денари се општински средства. Резултат на проектот е реновирање и санација на ул. „Диме Мечето“ (краците 1 и 2) и ул. „Дринска“ (крак 1 со крак 4, крак 2 и крак 3 со крак 4). На крајот од форумот, претставник на работната група што го следеше спроведувањето на избраниот проект и препораките имаше презентација за преземените активности.



# ГРАЃАНИТЕ ЗА ФОРУМОТ

## Форумот е место каде граѓаните бараат поддршка

„Има многу проблеми со кои се соочени граѓаните, но и организирани групи, како граѓанските здруженија и месните заедници, а 'Форумот во заедницата' е вистинското место каде можат истите да ги презентираат и да побараат поддршка и решение за нив од страна на општината. Особено е важно што ова не е каков било форум, туку буџетски форум, што значи дека на директен начин може да се интервенира одредени приоритетни потреби на граѓаните и групите од локалната заедница да станат дел од општинскиот буџет. Локалната самоуправа секогаш не може да ги предвиди приоритетите, кои се особено значајни за населението, па форумот е извонредна можност тие предлози да бидат потенцирани и прифатени во буџетските програми", вели Михајло Колевски, од Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака" во Крива Паланка.

## Реализација на проекти од областа на образованието

„Овој форум е многу корисен за граѓаните бидејќи може да даваат предлози. Јас предложив да се реализираат проекти од образованието, како изградба на градинка и реализација на други проекти од образованието", вели Оливера Најдовска, жителка на општина Новаци.

## Жителите на Делчево ќе уживаат во паркот

„Реализацијата на проектот 'Изградба и уредување на јавни површини' е од големо значење за општина Делчево и за нејзините граѓани. Проектот беше еден од приоритетите на граѓаните, а благодарение на Швајцарската агенција за развој и соработка, заедно со општина Делчево, приоритетот стана реалност. Со реализацијата на овој проект, граѓаните на општината во иднина ќе уживаат во прекрасно уредениот парк", вели Розетка Такева, жителка на општина Делчево.

## Граѓаните треба да одлучуваат за буџетот

„Учествував и на проектниот форум што општина Крива Паланка го спроведе, а сега активно се вклучив и во буџетскиот форум. Како граѓанин, имам интерес да се информирам како се изготвува и како се реализира општинскиот буџет, односно каде се трошат средствата со кои располага општината, а кои се наменети за подобрување на квалитетот на живот на жителите. Како директни или индиректни корисници на тие средства, секако дека имаме право и да одлучуваме за приоритетните програми и проекти и да предлагаме нови извори на приходи, кои ќе бидат од корист за локалната заедница", вели жителката на општина Крива Паланка, Славица Вучевска.

## На форумот се дискутираше за интересни приоритети

„На денешната прва форумска сесија слушнавме многу интересни приоритети кои сакаме да бидат вклучени во буџетот на општината за 2015 година, како на пример, отворање младински клуб во Добромири, преминување на игротеката во градинка, изградба на базен, отворање старски дом и слично", рече МилеМицевски, жител на општина Новаци.

Подготовка на материјал: Единица за координација на форумите во соработка со оперативните групи од сите општини
Дизајн и печат: Аркус; Тираж: 1.990

ЗЕЛС
Програма „Форуми во заедницата"
Community Forums Programme
Programi "Forume në bashkësi"
Schweizeriche Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra